# Фенкојлери со центрифугален вентилатор

# ESTRO 1 - 11 kW






## Плус

- Мотори со 3 или 6-брзини
- ABS центрифугални вентилатори
- Може да биде интегриран во ERGO
- Топл. изменувач со до 4 реда
- Реверзибилно водено поврзување
- Челик/ABS куќиште
- Инкорпориран јонизатор

## Најкомплетен опсег на фенкојлери на пазарот со Galletti технологија, ниво на квалитет и сигурност.

Сериите ESTRO без сомнение се линијата на фенкојлери со најкомплетен опсег на модели и додатоци кои можат да ги задоволат потребите на професионалците во областа.
Линијата се состои од 20 модели во 9 верзии.
За ESTRO серијата одбравме најквалитетни материјали кои, заедно со одличната нега и внимание посветено при произведување на контруктивните компоненти, ја потенцираат сигурноста на ESTRO фенкојлерите во однос на одличните перформанси при минимални нивоа на бучавост.
Концептот на конструкцијата овозможува да се комбинираат модели за вертикална и хоризонтална инсталација: модели за површинска монтажа на ѕидови, подови/тавани и модели за вградена монтажа во сидови/тавани плус low body модели за инсталација на под.
ESTRO може да биде комбиниран со повеќе видови на контролни панели кои можат да се монтираат на уредот или на ѕид, и се состојат од 20 опции, во зависност од нивото на комфорт и прилагодување кое се бара.
Иновативен систем за јонизација на воздухот овозможува санитизација на внатрешниот уред и деодоризација на амбиенталниот воздух.





# ДОСТАПНИ ВЕРЗИИ



## ESTRO FL
Верзија со маска, погодна за монтажа на ѕид.
Вертикален проток на воздух, филтерот за довод на воздух е безбедно поврзан за маската со завртки.
**ESTRO FL е достапен во 20 модели.**



## ESTRO FA
Монтажа на ѕид со маска.
Протокот на воздух со предница под агол ја прави верзијата ESTRO FA  особена погодна за инсталација во вдлабнатини со длабочина до 150 mm.
**ESTRO FA е достапен во 19 модели.**



## ESTRO CL
Монтажа на ѕид со маска, вертикален проток на воздух.
Дизајниран во пастелни нијанси,  добро се комбинира со мебелот и целокупниот дизајн каде топлите бои и елегантната форма на ESTRO CL го прават да биде одличен украс во ентериерот.
Боја на панелот: RAL 9001. Боја на ABS делови: PANTONE "warm grey 2 U"
**ESTRO CL е достапен во 20 модели.**



## ESTRO FU
Верзија со маска, погодна за монтажа на под или таван.
Маската има решетки за довод и поврат на воздух со вградени филтри.
**ESTRO FU е достапен во 20 модели.**



## ESTRO FP
Верзија со маска, погодна за монтажа на таван.
Доводот на воздух се наоѓа зад решетките за одвод за воздух. Оваа верзија е особено погодна со надворешни решетки за довод на воздух.
**ESTRO FP е достапен во 20 модели.**



## ESTRO FB
Верзија со ниска маска, погодна за монтажа на под или таван.
Маската има решетки за довод и поврат на воздух со вградени филтри.
Прераспределбата на внатрешните компоненти овозможуваат намалување на нивната висина до само 438 mm.
**ESTRO FB е достапен во 9 модели.**



## ESTRO FC
Модел за вертикална или хоризонтална вградена инсталација, доводот на воздух е во линија со  одводот, термално изолирано тело од поцинкуван лим.
Пленум и конектори за довод и проток на воздух во просторијата.
**ESTRO FC е достапен во 20 модели.**



## ESTRO FF
Модел за вертикална и хоризонтална вградена инсталација,  преден довод на воздух, термално изолирано тело од поцинкуван лим.
Предниот довод на воздух овозможува хоризонтална или подна вградена инсталација со директен довод од лажниот таван.
**ESTRO FF е достапен во 20 верзии.**



## ESTRO FBC
Верзија со ниска маска за вертикална и хоризонтална вградена монтажа  преден довод на воздух со вграден филтер, термално изолирано тело од поцинкуван лим.
Прераспределбата на внатрешните компоненти овозможува намалување на нивната висина до само 412 mm.
**ESTRO FBC е достапен во 9 модели.**

## ГЛАВНИ КОМПОНЕНТИ

### Куќиште

Куќиште изработено од дебел челичен панел, странични панели, излезна воздушна решетка (под агол од 180 °) и задна решетка за отсис од ABS. Заоблен облик и бои кои ги задоволуваат сите потреби за внатрешен дизајн и архитектура.




### Структура

Изработено од поцинкуван челичен лим со екстра дебелина, топлинска и звучна изолација според Класа 1 самогасливи панели. FU, FB, FC, FF и FBC верзиите имаат двоен сад за собирање на кондензатот.

### Топлински изменувач

Високо ефикасен топлински изменувач направен од бакарни цевки и алуминумски перки, со бакарен разделник и вентил за обезвоздушува-ње. Врските со вода се реверзибилни во времето на инсталација. По барање, можно е да се инсталира дополнителен топлински изменувач за 4-цевни системи.

### Електричен мотор

Монтиран на лежиште отпорно на вибрации, со перманентно активиран кондензатор и термичка заштита, директно поврзано со вентилаторот, достапен во три верзии со 3 и 6 брзини за да задоволи секаков перформанс, звучно ниво и потрошувачка на енергија.

### Вентилатори

Двоен вицен центрифугален вентилатор, статички и динамички балансиран, произведен од анти-статички ABS, со лопатки кои имаат секција со воздушна фолија и модули за рамнотежа. Вентилаторите се сместени во ABS куќиште со ниска звучност и весоко ефикасен профил .



### Воздушен филтер

Полипропиленски воздушен филтер кој може да се испере, монтиран на поцинкована рамка заштитена со мрежа, лесно се демонтира при одржување. На FU и FB верзиите воздушните филтри се сместени во влезната воздушна решетка на предниот панел на куќиштето.

## ДОДАТОЦИ

| Контролни панели | |
|---|---|
| CB | On-board прекинувач на брзина |
| TB | On-board прекинувач на брзина со термостат |
| TIB | On-board прекинувач на брзина, термостат и прекинувач за избор на лето/зима |
| TC | Термостат за мин. температура на вода во греен режим (42°C) за контролери |
| CD | Прекинувач на брзина за вградена монтажа на сид |
| CDE | Прекинувач на брзина за монтажа на сид |
| TD | Прекинувач на брзина за инсталација на сид, термостат и избор на лето/зима |
| TDC | Прекинувач на брзина за монтажа на сид и термостат |
| TD4T | Прекинувач на брзина за инсталација на сид, термостат и прекинувач за избор лето/зима, за контрола на вентилатори и вентили |
| TA | Собен термостат за инсталација на сид |
| TA2 | Собен термостат со прекинувач за избор на лето/зима, за инсталација на сид |

| Микропроцесорски електронски контролни панели за ѕидна инсталација | |
|---|---|
| MCBE | MYCOMFORT BASE електронски контролер со дисплеј |
| MCME | MYCOMFORT MEDIUM електронски контролер со дисплеј |
| MCLE | MYCOMFORT LARGE електронски контролер со дисплеј |
| KBE | MYCOMFORT сет за on-board инсталација |
| DIST | MYCOMFORT сет за ѕидна инсталација |
| MCSWE | Воден сензор за EVO, MYCOMFORT и LED503 контролер |
| MCSUE | Сензор за влажност за EVO, MYCOMFORT MEDIUM и LARGE контролер |
| EVODISP | EVO CLOCK далечински дисплеј |
| EVOBOARD | EVO 230 V табла за круг |
| LED503 | LED503 Вградно ѕидно монтиран електронски контролер со дисплеј |
| KL | LED503 сет за инсталација on-board за ESTRO |















| | | 1/4 | 5/6 | 7/9 | 95 | 10/11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| FL-FU-FP | H | 564 | 564 | 564 | 564 | 564 | 564 |
| | L | 774 | 984 | 1194 | 1194 | 1404 | 1614 |
| | P | 226 | 226 | 226 | 251 | 251 | 251 |
| F A | H | 556 | 556 | 556 | 556 | 556 | 556 |
| | L | 774 | 984 | 1194 | 1194 | 1404 | 1614 |
| | P | 228 | 228 | 228 | 253 | 253 | 253 |
| FC-FF | H | 535 | 535 | 535 | 535 | 535 | 535 |
| | L | 584 | 794 | 1004 | 1004 | 1214 | 1424 |
| | P | 224 | 224 | 224 | 249 | 249 | 249 |
| FB | H | 438 | 438 | 438 | ND | ND | ND |
| | L | 774 | 984 | 1194 | ND | ND | ND |
| | P | 251 | 251 | 251 | ND | ND | ND |
| FBC | H | 413 | 413 | 413 | ND | ND | ND |
| | L | 584 | 794 | 1004 | ND | ND | ND |
| | P | 250 | 250 | 250 | ND | ND | ND |




| | FL - FA - FU - FP - FC - FF | | | | | | FB - FBC | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1/4 | 5/6 | 7/9 | 95 | 10/11 | 12 | 1 / 4 | 5 / 6 | 7 / 9 |
| A | 149 | 149 | 149 | 155 | 155 | 155 | 125 | 125 | 125 |
| B | 198 | 198 | 198 | 220 | 220 | 220 | 197 | 197 | 197 |
| C | 99 | 99 | 99 | 120 | 120 | 120 | ND | ND | ND |
| D | 51 | 51 | 51 | 48 | 48 | 48 | 38 | 38 | 38 |
| E | 458 | 458 | 458 | 497 | 497 | 497 | 371 | 371 | 371 |
| F | 163 | 163 | 163 | 185 | 185 | 185 | 212 | 212 | 212 |
| G | 263 | 263 | 263 | 259 | 259 | 259 | 228 | 228 | 228 |
| M | 187 | 187 | 187 | 195 | 195 | 195 | ND | ND | ND |
| N | 335 | 335 | 335 | 348 | 348 | 348 | ND | ND | ND |
| R | 486 | 486 | 486 | 478 | 478 | 478 | ND | ND | ND |
| S | 208 | 208 | 208 | 234 | 234 | 234 | 237 | 237 | 237 |
| T | 198 | 198 | 198 | 208 | 208 | 208 | 187 | 187 | 187 |